Море на светлината

# ВЛАХО БРАНЃОЛИЦА



Сини барбуни со лист

СКОПСКО ЛЕТО 2010

SKOPJE SUMMER 2010

A sea of light

# VLAHO BRANGJOLICA

# Море на светлината

Последниот ликовен опус на Влахо Брангѓолица, насловен како " Морето на светлината, е графичко-мултимедијален проект кој со сите свои ликовно-естетски компоненти звучи импресивно и компактно. Севкупните истражувања на Влахо Брангѓолица резултираат со еден нов, рафиниран и софистициран, креативен дискурс. Во својот приод тој е сеисцрпен и сеопфатен, длабоко студиозен и аналитичен, со обилство фактографски, енциклопедиски знаења и импресивни интердисциплинарни познавања. Потенцирајќи ја релацијата и аналогијата помеѓу науката и уметноста, филозофијата и религијата тој со детска љубопитност и фасцинација, талкајќи по универзумот и истражувајќи ги аналогиите на световите во и околу него, успева да ја долови онаа недофатлива фрекфенција на електро магнетната енергија и торзионите бранови. Со светлината на духот ги надминува деструктивните интерференции, опструктивното и апокалиптичното во човекото битије.Тој го инкорпорира дигиталното во графичкото и графичката лексика во дигиталниот код. Со исцрпно, осознаено и софистицирано познавање на двата медиума и нивно трансмодулирање тој синтетизира, воспоставува еден нов, автентичен медиум на дигитална графика со браворозни ефекти, кои според естетското доживување како и според техничките вредности прозвучува со еквивалентно значење на една нова графичка- односно ликовна техника која ги поседува веќе воспоставените ликовно-естетски вредности и богатсвото на традиционалните графички техники. Во „Морето на светлината„ се издвојуваат архетипските симболи како суштествени ентитети со концентрирана енергија која будејќи реминисценција допира до нас и длабоко во биогенезата воспоставува еквивалент помеѓу појавното и непојавното, помеѓу светот во нас и световите околу нас, помеѓу материјата, масата, просторот, времето изминато, сегашно, идно, помеѓу рационалното и ирационалното, свесното и потсвесното, дофатливото и недофатливото. Се среќаваат и преклопуваат надреалното и реалното, магичното и хиперреалното, симболичното и метафизичкото, поетско вообличени во една ненаметлива, а сепак јасно детерминирана сказна. Следејќи го недофатливиот ритам на амебоидните форми со импресивна колоратура, сиот спектар бранува во калеидоскопски премрежја пресоздавајќи и вообличувајќи асоцијативни мотиви тукушто проникнати во својата кротка но јадровита симболика. Се соочуваат световите, историските паметници и цивилизациски симболи на времето минато и на времето идно. Се преклопуваат футуристичкото и архаичното творејќи најфантазмогорични визури во процесијата со една недофатлива и видоизменета перспектива. И како ехо или крик проникнува прогласот на уметникот кој силно ангажирано укажува и навестува, ги маркира сецивилизациските дострели, придобивки и порази со призвук на апокалиптичното. Хиперсензитивниот интелект и комплексниот сензибилитет на уметникот визионерски укажува и навестува. Процесии на собитија, креатури на монструозни искушенија, најчудесни далиевски сновиденија, фрагменти на готичките катедрали, возвишени лаци и славолаци, капители, арки и сводови, фрагментирани арбутани и контрофори творат една морничаво сугестивна атмосфера и визија исполнета со студенилото на метафизичкото, надреалното.... Неговиот приод е многуслоен, а неговиот свет комплексен. Неговата мисија е длабоко ангажирана е потрага која допира низ раслојување на бројни премрежја од срцевината на есенцијалното, во зародишот на прапочетокот, во генезата , до суштината на нултата точка поистоветена со морето на светлината во нас.

Влахо Брангѓолица е филозоф и мислител кој во обидот да ги спои двата декартовски подвоени света, аналитично и синтетично прави сондажа на севкупните цивилизациски придобивки. Откажувајќи се од ништожноста, злото и омразата двојството и подвоеноста на овој свет тој ќе ги вткае восхитот и љубовта во логото на неговиот манифест, проглас и поема, воспеани како химна и балада, скерцо и елегија.

Виолета Крстиќ
*Дипл.историчар на уметност*



ENERGETIC PATERN - S -5319



KALAMOTA - Макрокосмос, микрокосмос

## A sea of light

The most recent artistic opus of Vlaho Brangjolica, entitled "The Sea of Light" is a graphic-multimedia project that sounds impressive and compact with all its art-aesthetic components. Brangjolica's explorations result with a new, refined and sophisticated, creative discourse, that is at the same time a different aesthetic outreach of the artist compared to his previous opus. He is exhaustive and inclusive in his approach, deeply analytical and studious, with an abundance of factual, encyclopaedic knowledge and impressive interdisciplinary skills. Wondering through the universe exploring the analogies between the worlds and around him, he captures, with childish curiosity and fascination, that unreachable frequency of electro-magnetic waves and torsic waves by accenting the relationship and analogy between science and art, philosophy and religion.He overcomes the destructive interference and the obstructive, apocalyptic in the human being with the light of his spirit.He incorporates the digital into the graphic and the graphic lexic into the digital code. With an exhaustive, enlightened and sophisticated knowledge of the two media and transmoduling them, he synthesizes and establishes a new authentic medium of digital graphics with extraordinary effects that resonates with its aesthetic experience and technical values with an equivalent meaning of a new graphic or artistic technique, having the well-established aesthetic values and richness of the traditional techniques. In the "Sea of Light", archetypical symbols stand out as essential entities with focused energy that touches us awakening reminiscence and establishes an equivalent deep in the biogenesis between the seeing and unseeing, the world inside us and the worlds around us, between matter, mass, space, time elapsed and future, rational and irrational, conscious and subconscious, reachable and unreachable. The surreal and real meet and overlap, like the magic and hyper-real, symbolic and metaphysical, poetically embodied into a mild, but still clearly determined story. Following the escaping rhythm of amoeboid forms with an impressive coloring, all the spectrum waves in kaleidoscopic overlays re-discovering and embodying associative motives, just spurred out of their fragile, but nuclear symbolic. Worlds, historic monuments and symbols of times past and future collide. The futuristic and archaic overlap, creating the most illusional visions in the procession with an escaping and transformed perspective.And as an echo or shout, the announcement of the artist emerges, that directs and points out, marks the civilizational goals, gains and losses with a shadow of the apocalyptical. The hypersensitive intellect and the artist's complex sensibility instructs and announces in a visionary manner. Phantom processions, creations of monstrous temptation, strange Dalian somnambularities, fragments of gothic cathedrals, exalted arches and triumphal arches, capitols, arches and naves, fragmented arboutanes and contreforts create a creepy suggestive atmosphere and vision filled with the coldness of the metaphysical, surreal... The graphic artwork of Vlaho Brangjolica mystifies more dilemmas encountered by humanity as a whole, globally, and each individual separately in its real existential survival and surrounding. His approach is multi-layered, and his world complex. His mission is deeply engaged.It is a quest that touches through dislayering of numerous inter-webs from the core of the essential, at the begottening of the genesis, to the core of the zero point identified with the sea of light within us.

Vlaho Brangjolica is a philosopher and thinker, who surveys analytically and synthetically the civilizational gains, while trying to merge the two Cartesian divided worlds. Denouncing nihilism, evil and hatred, the duality and separation of this world, he weaves thrill and love into the slogan of his manifest, echo and poem, exalted as a hymn and ballad, scherzo and elegy.

Violeta Krstic

**Влахо Бранѓолица** е роден во 1960 год во Скопје во семејството на композиторот Љубомир и балерината Вера Бранѓолица. Раниот контакт со уметноста ќе го обележи неговиот професионален развој. Дипломира на Педагошката академија, а 1987 год и на Факултетот за ликовни уметности во Скопје. Во 1995 год се стекнува со титулата Магистер Артиум на Високото училиште за применети уметности во Виена и најпосле магистрира и на ФЛУ со одбрана на мултимедијалниот проект "Нулта точка и Морето на светлината".

Развива широка активност во доменот на визуелните комуникации каде како изразно сретство најчесто го користи фотографскиот медиум. Од 1999 год до 2001 год предава во Школото за креативна фотографија при ЦХР во Скопје. Предава фотографија на ФЛУ, а од 2007-ма год. е вработен како професор на Академија Италијана во Скопје. Работи на повеќе проекти од кои најважни се "Кањон матка"-1997 год., "Прибежиште Македонија" -1999 год, "Ние сме еден свет"- за потребите на установата за лица со посебни потреби во Д. Капија во 2000 год., "Болници пријатели на бебињата" во 2001 год., Македонски духовни конаци /монографија/ и "Надвор од кругот"во 2003-та год.

Изложувал самостојно на три графички и пет фотографски изложби. Добитник е на повеќе награди, во и надвор од земјата меѓу кои се издвојуваат: наградата на градот Скопје 2000 год. фотографија на годината 1999 и 2000 год., награда на корпорацијата NIKON на NPCI натпреварување во Токио 2002 год. и наградата за фотографија на UNDP во 2004-та год. Работел како фотограф и цртач за повеќе фирми и установи во Македонија и надвор од неа. Меѓу другото работел на изготвувањето на промотивниот материјал со кој Градот Скопје во 2008 и 2009-та год. ја освои престижната награда во Лугано, Швајцарија.

**Vlaho Brangjolica** was born in 1960 in Skopje into the family of the composer, Ljubomir, and the ballerina, Vera Brangjolica. The early contact with art will mark his professional development. He had graduated from the Academy of Pedagogy, and in 1987, from the Faculty of Fine Arts in Skopje. He received the degree title Magister Artium at the University of Applied Arts in Vienna in 1995, so that in the end he would earn a Master's degree from the Faculty of Fine Arts in Skopje by presenting his multimedia project "Node and the Sea of Light".

He has developed a wide range of activities in the area of visual communication where he usually uses the photographic medium as a means of expression. From 1999 to 2001, he was teaching at the School of Creative Photography at the Center of Human Relations in Skopje. He was also teaching photography at the Faculty of Fine Arts in Skopje but he has been working as a professor at the Academia Italiana in Skopje since 2007. He worked on several projects, such as: "Kanjon Matka" ("The Matka Canyon") in 1997, "Pribezishte Makedonija" ("Macedonia Shelter") in 1999, "Nie sme eden svet" ("We are One World") in 2000 for the Institute of people with special needs in Demir Kapia, "Bolnici prijateli na bebinja" ("Hospitals, Friends of the Babies") in 2001, "Makedonski duhovni konaci" ("Macedonian Spiritual Hospices"), a monograph and "Nadvor od krugot" ("Out of the Circle") in 2003.

He has had three individual graphic exhibitions and five individual exhibitions of photographs. He has received many awards in our country and abroad, among which are the award of Skopje City in 2000, A Photograph of the Year in 1999 and 2000, the award by the NIKON Corporation at a competition in Tokyo in 2002 and the award of Photography by UNDP in 2004.

He has worked as a photographer and a drawer for many companies and institutions in Macedonia and abroad. Furthermore, he has work on the preparation of the promotional material for the Skopje City in 2008 and 2009 and he won the prestigious award in Lugano, Switzerland.



Дрво



Три риби

Издавач:Дирекција за култура и уметност – Скопје
СКОПСКО ЛЕТО 2010
За издавачот: Никола Глигоров
Организација:Ната Кецкаровска
Превод на англиски:Станко С. Крстиќ
Дизајн: Горан Јованов

Publisher:Directorate of Culture and Arts – Skopje
SKOPJE SUMMER 2010
For the publisher: Nikola Gligorov
Organizacion:Nata Keckarovska
Translation: Stanko S.Krstic
Design: Goran Jovanov




Спонзорирано од

Дирекција за култура и уметност – Скопје
Directorate of Culture and Arts - Skopje
Тел: 3238 372, 3222 341, 3165 064
E – mail: skleto@unet.com.mk
www.dku.org.mk